Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 318/0302
21.09 20 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 17 септември 2021 година, врз основа на примена жалба од Наташа Камчев, го донесе следното:

# М И С Л Е Њ Е

**Текстот на интернет – порталот „ДоказМ.мк“, насловен „Хахаха ФБ страна ќе не тужеле, абе кокошкоооо по кој закон пред суд се регистрира ФБ фан страна“, отстапува од професионалните и етички стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 2 септември 2021 година, Наташа Камчев поднесе жалба за текстот со наслов „Хахаха ФБ страна ќе не тужеле, абе кокошкоооо по кој закон пред суд се регистрира ФБ фан страна“, објавен на 1 септември 2021 година на интернет – порталот „ДоказМ.мк“ (www.dokazm.mk).

Во поднесена претставка се наведува дека текстот содржи говор на омраза, нарушување на приватноста и непримерна комуникација со јавноста, односно дека Кодексот на новинарите е прекршен во членовите 7, 10 и 15.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „ДоказМ.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Од медиумот не се осврнаа на наводите на жалителите, туку само прашаа дали фејсбук страницата „Реално Кавадарци“ е правно лице и дали можеби се работи за лажен фејсбук профил.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби со едногласен став оцени дека во текстот на „ДоказМ.мк“ е прекршен членот 15 од Кодексот на новинарите.

***Член 15:*** *„Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста“.*

*****При изготвувањето на мислењето, Комисијата за жалби констатираше дека интернет – порталот „ДоказМ.мк“ не е член на Советот за етика во медиумите и на Регистарот на професионални онлајн медиуми.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 17 септември 2021 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред утврди дека се работи за нестандарден новинарски текст, кој се коси со основните професионални и етички стандарди. Содржината се сведува на наслов и

интегрално пренесена реакција на подносителката на оваа жалба упатена до медиумот, во која таа реагира на текст објавен претходниот ден на „ДоказМ.мк“. Во рамките на текстот е поставен и скрин шот од анкета за претстојните локални избори, објавена од фејсбук – страница, чиј сопственик е подносителката на оваа претставка.

Во текстот со наслов „Хахаха ФБ страна ќе не тужеле, абе кокошкоооо по кој закон пред суд се регистрира ФБ фан страна“, Комисијата констатираше непримерен и навредлив јазик. Ваквиот новинарски речник не соодветствува со етичкото и професионално известување, вклучително и со **членот 15** од Кодексот, кој налага дека новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката и оти е неспоиво со новинарската професија непримерна комуникација со јавноста. Новинарот мора да ги има на ум моралните стандарди на публиката на која ѝ се обраќа.

Во однос на наводите на жалителот дека оспорениот текст содржи и говор на омраза и нарушување на приватноста, Комисијата не најде доволно елементи за да констатира такво прекршување на Кодексот на новинарите.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова Илиеска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595